**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО ИНИЦИЈАТИВАТА**
**САМОЗАСТАПУВАЧ ИНФЛУЕНСЕР**
**ВО РАМКИ НА NEUEYT ПРОЕКТОТ**

**ОПИС НА ИНИЦИЈАТИВАТА**

Самозастапувач инфлуенсер е активност која се имплементира во рамки на проектот NEUEYT – и има за цел млади од маргинализирани и незастапувани групи да ги поврзе да работат во тим со други млади. Тие ќе работат по низа модули при што ќе стекнат знаења да се самозастапуваат преку различни видови на дигитални алатки, меѓу кои и социјални медиуми. Главната цел е да бидат слушнати и да поттикнат реакција кај релевантните креатори на политики. Преку онлајн обуки 5 млади лица од маргинализиран и недоволно застапувани заедници ќе стекнат соодветни вештини и потоа заедно со ментори ќе работат на себе застапување преку дигитални алатки. Обуките се предвидени да траат 5 месеци, еднаш неделно ќе има теоретско предавање преку оналјан платформа и потоа практична работа со менторот. Крајниот резултат е креирање на блог, друг тип на онлајн медиум или страница на социјални медиуми, преку кои ќе се презентираат својот личен предизвик/проблем на релевантните теми (и), преку раскажување приказни, лични искуства, проблеми, интервјуа, препораки, дебати, анкети итн. Блогот или другиот тип на медиуми, или социјалните медиуми ќе бидат алатка за презентирање на проблемите со кои се соочуваат граѓаните од недоволно застапените заедници пред пошироката публика, а со главна цел да се самозастапуваат и да ја застапуваат заедницата која ја претставуваат, да бидат слушнати и да предизвикаат реакција од релевантните креатори на политики.

**Главни цели:**

- Да се развијат дигитални вештини за луѓе/млади од недоволно застапените заедници.
- Да се добие онлајн сертификат за инфлуенсер за самозастапување.
- Да им се дозволи на младите од недоволно застапените/руралните заедници да зборуваат во свое име застапувајќи ги нивните права и демократското учество на заедницата што ја претставуваат
- Да им се овозможи на младите кои не се недоволно застапени да станат повеќе свесни за заедницата преку директна поддршка и менторство на младите од недоволно застапените заедници.
- Да се подигне свеста на заедницата за потребите на недоволно застапените
- Да се иницираат активности, соработки, дискусии или промени во политиките за подобрување на животот на недоволно застапените заедници.

**<u>Ваша задача:</u>**

- Учество на обуки во траење од 5 месеци(3-4 часа неделно),

- Извршување на практични задачи со менторот,
- Креирање блог или друг тип на онлајн медиум, преку која ќе се одвива себезастапувањето,
- Евалуација на програмата.

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ НА КАНДИДАТИТЕ:**

- Млади луѓе од Македонија од 16-30 години кои се дел од мариганизирани групи или недоволно застапени заедници, (пример, лица со попречености, расни и етнички малцинства, деца без родители, LGBTIQ лицата, млади од рурални средини и сл.)
- Имаат интерес за социјални теми и се соочуваат со предизвици во секојдневното живеење поради припадноста во одредена маргинализирани или недоволно застапена заедница,
- Сакаат да придонесат во подобрување на животот на лицата од маргинализирани или недоволно застапени заедници преку истакнување на личниот пример.

**БЕНЕФИТИ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ:**

- Стекнување на дигитални вештини и унапредување на постоечки, преку Тренинг обуки од искусни младински работници,
- Стекнување на претприемачки вештини за водење на онлајн бизнис,
- Менторство од врсници кои заедно ќе работат
- Сертификат
- Сопствен медиум преку кој понатаму ќе може да го развиваат и монетизираат,
- Можност за средба со креатори на политики,
- Можност за учество во останати активности на организацијата, преку волонтирање, учество на настани.

**КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ ИЛИ НОМИНИРАТЕ УЧЕСНИК?**

Доколку се проаноѓате во потребните квалификации или пак сакате да номинирате учесник ве молиме аплицирајте до 24-ти април 2022, со испраќање мејл на rosica@porakanova.org, со име, презиме и контакт мобилен телефон и мејл.